Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
бр. 05-3298/27
29-11-2017 201 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 ,120/16 и 165/17) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3298/16 од 23.11.2017 г. , Извештај за текот на е-аукциите бр. 05-3298/21 од 28.11.2017 г. спроведени на ден 27.11.2017, Извештај од спроведена постапка бр.05-3298/22 од 28.11.2017 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**10/2017** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Изложување на објектите со кои стопанисува акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје**

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-3298/16 од 23.11.2017 г. , Извештај за текот на е-аукциите бр. 05-3298/21 од 28.11.2017 г.,спроведени на ден 27.11.2017 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-3298/22 од 28.11.2017 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3298/8 од 07.11.2017г., со примена на постапка Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција , Договорите за Изложување на објектите со кои стопанисува акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје се доделуваат на:

За ДЕЛ 1
**„ ГЕОПРИМ ИНЖЕНЕРИНГ "ДОО**
**Бул. „Јане Сандански„ бр.70/2 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

За ДЕЛ 2
**„ ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ "ДОО**
**Плоштад „Илинден„ бр.6 – Свети Николе**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната

Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

- Понудувачот чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски 28.11.2017
контролирал: Анета Тодоровска
Светлана Сотировска
Кирил Ѓоргов